Врз основа на член 51 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

**Јавна анкета и Јавна презентација**

**на Архитектонско – урбанистички проект на КП 3475/12, КП 3475/15, КП 3475/14, КП 3475/2, КП 3475/6, КП 3475/5 и дел од КП 3475/1, за формирање на ГП 1.1 за објект со намена Г4-стоваришта, од УПВНМ Клучка стопански двор, КО Кучково, општина Ѓорче Петров.**

Границата на проектниот опфат е со површина од 4857м2, односно 0,48ha и се движи како што следи:

-на север границата почнува да се движи од најсеверната точка помеѓу тромеѓето на КП 3474/1, КП 4486 и КП 3475/5 и продолжува во северо источен правец по северната граница на Кп 3475/5 и КП 3475/1;

-На исток границата се движи во југоисточен правец, при што ја сече КП 3475/1 и продолжува по источните гтраници на КП 3475/5, КП 3475/6, КП 3475/14, КП 3475/15 и КП 3475/12;

-на југ границата започнува од најјужната точка и се движи во западен правец долж јужната граница на КП 3475/12;

-на запад границата се движи во северен правец долж западните граници на КП 3475/12, КП 3475/15, КП 3475/14, КП 3475/2, КП 3475/6 и КП 3475/5.

- Јавната анкета ќе трае **5** работни дена од 05.10.2020 год. до 09.10.2020год., согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на јавна анкета и јавна презентација, Архитектонско – урбанистичкиот проект, ќе биде изложен во просториите на Одделението за просторно и урбанистичко планирање во Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на проектот за претставници на јавните претпријатија и институции и за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 05.10.2020 год. во 13:30 часот,во просториите на Домот на култура Ѓорче Петров.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставaт забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Општина Ѓорче Петров**

**Г р а д о н а ч а л н и к,**

Број 03-1552/2

од 25.09, 2020 година

Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ СКОПЈЕ

**Александар Наумоски**